# ЗАНАЕТЧИЈА

Год. I бр. 1 ИЗДАВА: ПОСТОЈАНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ — БИТОЛА Јуни 1976 г.


ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ПОСТОЈНАТА ОПШТИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ ОД БИТОЛА

## ПОТРЕБА ОД НАТАМОШНО РАЗВИВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО

**— На Собранието поставени за решавање низа актуелни прашања и проблеми од животот и работата на занаетчиите. За претседател избран Стеван Манаковски**

Самостојните занаетчии од битолска општина на своето годишно собрание актуелизираа повеќе прашања тесно поврзани со нивната секојдневна ангажираност. Пред Собранието да започне со работа беше избрано работно претседателство во чиј состав влегоа другарите: Петар Герзовски, Јован Матовски, Вангел Ѓоргиевски, Стеван Манаковски и Панде Велјановски. По усвојување на предложениот дневен ред беше избрана кандидациона комисија од лицата Димитар Папакоч, Васко Ивановски и Александар Трајковски. Извештајот за работата на Извршниот одбор на Конференцијата го поднесе претседателот Александар Трајковски. При тоа тој истак на дека во минативе две години постигнати се значајни резултати во развојот и унапредувањето на самостојното занаетчиство од подрачјето на комуната. Решени се низа проблеми со коишто се среќаваа занаетчиите, меѓутоа потребно е и натаму да се води натамошна грижа за што поскоро решавање и постигнување на подобри успеси и резултати.

### ОТВОРЕНО ЗА ПРОБЛЕМИТЕ

Во дискусијата по извештајот на Александар Трајковски, повеќето од дискутантите ги исфрлија на површина и поставија за решавање проблемите со кои се среќаваат во својата работа и живот.

Миле Лозановски — конфекционер во својата дискусија покрај другото зборуваше за проблемите на самостојните занаетчии од неговиот занает, при тоа споменувајќи дека за истите повеќе пазари во Републиката се забранети. Исто така тој ги спомена и проблемите со недостигот од деловен простор, бесправното работење и даночната политика.

Благој Котевски — претставник од Општинското собрание потцрта дека занаетчиите се среќаваат со многу проблеми, но се чинат напори истите да бидат што поскоро разрешени.

Благој Ристевски — кондураџија покрај другото рече дека голем број занаетчии немаат здравствени книшки, за што е потребно покомплексно решавање на ова прашање.

Славе Наумовски — превозник зборувајќи за одредени тешкотии со коишто превозниците се среќаваат, при водење на работните книги, побара истите, заради обемот и карактерот на работата да бидат ослободени од тоа задолжение.

М-р Кирил Крстев — секретар на Општинската заедница за здравствено осигурување, во однос на неплаќањето на придонесот рече дека тоа е законска обврска и никој не може да биде ослободен од неплаќање на истата. Донесени се заклучоци кои даваат олеснувања за оние занаетчии што должат, за да можат долгот да го плаќаат во рати до две години.

(Продолжува на 2 стр.)



# Потреба од натамошно развивања на занаетчиството

(Продолжение од 1 страна)

Во дискусијата зедоа учество и Методија Тасевски, Ѓорѓи Кочовски, Круме Трајковски. Тоде Силјановски, Спиро Мечкаров, Димитар Папакоч и Благој Наумовски.

По извршеното гласање во кое учествуваа 153 членови во Извршниот одбор на Конференцијата се избрани: Вангел Мијаковски — макинеџија, Петар Герзовски — авто-електричар, Никола Божиновски — автолакер, Ѓорѓи Петревски — кондурациja, Ѓорѓи Марковски — бербер, Стеван Манаковски — угостител, Кадри Фаик — слаткар, Раде Селвиевски — молер, Методија Капинков — шивач, Миле Лозанов — конфекционер, Илија Ковачевски — ѕидар, Мите Павловски — даграмаџија, Јанко Крстановски — прецизен механичар, Никола Ваневски — фризер, Добри Димовски — електричар, Славе Наумовски — превозник, Муаерм Изаири — леблебеџија, Трајан Тунтев — лимар, Димитар Стерјовски — саатчија, Павле Јанкуловски — стаклорезач и Ѓорѓи Кочовски — шивач. Со 132 гласови за претседател на Извршниот одбор е избран Стеван Манаковски — угостител.

# КОН ПРВИОТ БРОЈ

Со настојувањата на нашата социјалистичка самоуправна заедница, сите работни луѓе да бидат целосно информирани за секојдневните постигања и успеси на сите полиња од животот, се почувствува потреба во тој контекст своето место да го најдат и самостојните занаетчии. Организирани преку својата Постојана конференција тие последниве неколку години постигнаа завидни резултати во евидентирање и поставување за решавање на своите секојдневни проблеми. Во таа смисла Извршниот одбор, согледувајќи ги и сумирајќи ги желбите на големиот број занаетчии, донесе одлука да издава свое информативно гласило. Низ страниците на „Занаетчија“ ќе бидат третирани сите прашања и проблеми што ги интересираат самостојните занаетчии. Весникот ќе биде јавно гласило низ чии страници, отворено, конкретно, критички и самокритички, ќе бидат разгледувани најактуелните проблеми од делувањето и животот на занаетчиите. „Занаетчија“ ќе настојува да биде јавна трибина за се она што ќе се случува во редовите на занаетчиите. Динамиката на животот наметнува потреба за сестрано, објективно и навремено информирање на сите занаетчии. Во таа смисла уште од сега, во првиот број, можеби е непотребно да се зборува и докажува за користа од излегувањето на ова гласило, меѓутоа низ подоцнежните броеви доколку тој се покаже и потврди како „четиво“ кое реално ги изразува збиднувањата во редовите на занаетчиите, ќе може да се смета дека основната негова цел е постигната. Доколку „Занаетчија“ со своите текстови, пораки, дојде до сите самостојни занаетчии и наиде на нивна полна подршка, ќе може и да очекува поголемо вклучување на занаетчиите во неговата содржина. А, тоа е и негова основна цел. Во него секогаш да има простор за се она што реално ќе го одразува животот и постигањата на занаетчиите. Гласилото нема за цел да наметне, пропагира нечие сфаќање и третирање на одредени состојби, туку да иницира, афирмира и манифестира се она што е суштински момент, живот, постигање и успех на сите занаетчии. Токму затоа неговите страници ќе бидат секогаш и за сите отворени и без било какви рамки. Во таа смисла Редакцијата и ги поканува сите заинтересирани постојано да се обраќаат со предлози, мислења и ставови за подобрување на неговата содржина.

# Биографии на новоизбраните раководители

## БЛАГОЈ НАУМОВСКИ

Благој Наумовски е роден 1944 год. во с. Трап, битолско. Има завршено Виша управно-правна школа. Од 1973 година работи како секретар во Постојаната конференција на самостојните занаетчии. Во редовите на СКЈ членува од 1965 год. Делегат е во Соборот на здружениот труд при Општинското собрание, а членува и во други општествено-политички организации.





## СТЕВАН МАНАКОВСКИ

Роден е 1927 година во Битола. Гимназија и Управно-правно училиште заврши во Битола. Неколку години работи во угостителски организации, меѓу кои „Хунап“ и „Македонија“. Од 1965 година има свој приватен угостителски објект. Во редовите на СКОЈ е примен од 1944 година, а во членство на СКЈ од 1950 год. Досега се наоѓал на разни функции во раководства на општествено-политичките организации при месните организации. За претседател на Постојаната конференција на самостојните занаетчии е избран по прв пат.

## ПЕТАР ГЕРЗОВСКИ

Потпретседателот на Извршниот одбор Петар Герзовски роден е во Битола 1926 год. Занаетчиско училиште завршува во својот роден град, уште пред војната. Повеќе години како автомеханичар работи во неколку стопански организации. Од 1966 година има свој самостоен дуќан „Торпедо“.



# ЗАКЛУЧОЦИ ДОНЕСЕНИ НА СОБРАНИЕТО

1. Во наредниот период потребно е Собранието на општината Битола и другите општествено-политички структури да преземат соодветни мерки за решавање на сите споменати проблеми во самостојното занаетчиство.

2. Да се изврши намалување на основиците и стапките по кои самостојните занаетчии плаќаат данок од личен доход од занаетчиска дејност. Овие основици и стапки да важат за сите самостојни занаетчии, угостители и авто-превозници од општината. Да се укине емството за дејности те кои се задолжени да плаќаат. Решенијата за облог, чековите за плаќање на данок и разликите да се доставуваат навреме. Да не се зголемува бројот на дејностите за водење на работни книги од оние предвидени со законот за даноците на граѓаните.

3. На сите самостојни занаетчии, кои немаат здравствени книшки, а не го имаат платено придонесот за здравствено осигурување, за изминатите години, веднаш да им се издадат здравствени книшки и да се предложи да бидат ослободени од придонесот за здравствено осигурување за изминатите години. Да се разгледа можноста за формирање на заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии на ниво на република. Да се формира Солидарен фонд со повратни средства, со почетно учество од најмалку 500 динари. Да се предложи до Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија најниската пензија да изнесува илјада динари, т.е.

4. Да се предложи измена на постојниот закон за средно образование и да се овозможи полагање за КВ и ВКВ по скратена програма, а проверувањето на стручната оспособеност да и се препушти на Постојаната конференција на самостојните занаетчии.

5. Што поскоро да се потпише колективниот договор и да биде усогласен со новиот Закон за вработување кај лицата што вршат дејност од личен



*Панорама на чаршијата*

труд и средства во сопственост на граѓани.

6. Да се спречи бесправната работа. Испекциските служби, судиите за прекршоци и општествено-политичките организации да дадат свој придонес во сузбивањето на оваа појава.

7. Во наредниот период посебно место да му се посвети на проблемот од деловен простор. Да се изградат повеќе деловни простории. Сите простории што се користат за магацини и канцеларии да се отстапат за потребите на самостој-

да се обезбеди замена и да се води сметка за висината на кириите.

8. Во најскоро време во Битола да се отвори продавница за продажба на репро-материјали, алат и прибор.

9. За подобрување на сегашната положба на занаетчиството потребно е Стопанската банка да обезбеди средства за кредитирање.

10. Да се изнајдат можности за поголемо вработување во занаетчиството.

11. Да се подобри комуналната хигиена во виталниот дел на чаршијата.

12. Да се разгледа можноста за организирање на панаѓур во Битола на кој би земале учество занаетчиите.

13. За нормално работење на Конференцијата и поголема активност и организираност на занаетчиите потребно е да се даде на користење зградата во која беше и порано сместена.

14. И во наредниот период потребна е поголема соработка помеѓу органите на Конференцијата на занаетчиите, Собранието на општината, општествено-политичките организации и СИЗ.

15. Да се разгледа можноста за одржување на Комеморативна седница во знак на сеќавање на паднатите борци — занаетчии во НОВ.

16. Во најскоро време да се отпочне со издавање на весник на Конференцијата.

17. Да се формираат секции и одбори на секциите по занаети.

# ФОРМИРАН Е МЛАДИНСКИ АКТИВ

**Младинците вработени кај приватните работодавачи се собраа на свој заеднички состанок на кој покрај другото расправаа за секојдневните проблеми со коишто се среќаваат. За натамошно поуспешно решавање на истите формираа младинска организација преку која се очекува многу повеќе да ја-пат во целокупните активности што ќе ги спроведува и организира ССММ. За претседател на младинската организација е избран Пеце Соклевски — авто-електричар при „Торпедо“, а за секретар Лилјана Митановска — угостителски работник кај кафеаната „Манак“. За благајник на активот е избран**

# ДОНЕСЕНИ ЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ

**— Формирани се повеќе комисии кои постручно и поорганизирано ќе се зафатат за разрешување на проблемите**



*Собаџии*

Уште веднаш по одржувањето на Годишното собрание на Постојаната конференција на самостојните занаетчии Извршниот одбор одржа седница на која за заменик претседател на истиот го избра Перо Герзовски — автоелектричар. Тогаш беа формирани и неколку комисии. Во Комисијата за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување избрани се Никола Божиновски — автолакер, Павле Јанкуловски — стаклорезач, и Илија Ковачевски — ѕидар. Комисијата од областа на даноците и оданочувањето ја сочинуваат: Димитар Стерјовски — саатчија, Кадри Фаик — слаткар, и Методија Капинков — шивач. Комисијата за следење на проблемите од деловниот простор ја сочинуваат Вангел Мијаковски — макинеџија, Митко Павловски — дограмаџија и Раде Селвиевски — молер. Во Комисијата за бесправно работење се избрани Добри Димовски — електричар, Славе Наумовски — превозник, Јанко Крстановски — прецизен механичар. Избрана е и Комисија за снабдување и кредитирање во состав Стеван Манаковски — угостител, Перо Герзовски — автоелектричар и Ѓорѓи Кочовски — шивач. На истиот состанок за членови на Надзорна комисија се избрани Димитар Стерјовски — саатчија, Ѓорѓи Петровски — кондураџија и Славе Наумовски — превозник.

На својата втора седница Извршниот одбор ја разгледа и прифати предлог Одлуката за општинските даноци на граѓаните. Беа донесени и неколку други Одлуки за поуспешно работење на Извршниот одбор.

И на својата трета седница Извршниот одбор донесе неколку значајни Одлуки. Тука би се споменале Одлуката за формирање на Солидарен фонд за што се изјаснија и сите секции. Избрана беше и комисија што ќе раководи со средствата од Солидарниот фонд. За претседател на Комисијата е избран Вангел Мијаковски. Исто така беше донесена Одлука за формирање на секција на такси-превозниците, а комисијата од областа на Деловниот одбор е задолжена да ја разгледа положбата со изградба на деловен простор, времени објекти и др. прашања од интерес на самостојните занаетчии во однос на деловниот простор.

Извршниот одбор на својата четврта седница покрај другото донесе одлука за издавање на весник „Занаетчија", формира Издавачки совет и Редакциски одбор. Истовремено донесе заклучок за организирање на „Занаетчиска забава".

Во работата на петтата седница на Извршниот одбор зеде учество и Душко Јанкуловски — претседател на ССММ. Притоа е донесена одлука за формирање на Основна организација на Сојузот на социјалистичката младина на работниците-младинци, вработени кај самостојни занаетчии. На седницата беше расправано и за положбата и потребите од деловен простор за самостојните занаетчии. Беше расправано и за воспоставување на цврста соработка со Трговското претпријатие „Јавор", отворање на продавница за репро-материјали и донесување на Самоуправна спогодба за таа цел.

# КАКО МОЖЕ ДА СЕ ОТВОРИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАН

Прашањето за отворање занаетчиски дуќан е регулирано со посебен закон објавен во „Службен весник" бр. 9 од 1 март 1974.

**Член 9**

Занаетчиски дуќан може да отвори лице што ги исполнува следните услови:

1. Да е деловно способно.

2. Да има пропишана стручна спрема, односно стручна оспособеност за вршење на определена занаетчиска дејност.

3. Да не му е забрането самостојно вршење на занаетчиска дејност со правосилна судска пресуда или со решение за прекршок.

4. Да нема друг дуќан на територијата на СФРЈ.

5. Да има деловна просторија доколку е тоа предвидено како услов за основање на дуќанот и тоа да ги исполнува условите пропишани со општите прописи за хигиенотехничка заштита на трудот и прописите за санитарни мерки, како и прописите за користење на деловните простории.

6. Да не е во работен однос и да не врши друга самостојна дејност.

**Член 10**

Одобрение за основање на занаетчиски дуќан издава општинскиот орган на управата, надлежен за работите на занаетчиството. Одобрението особено содржи:

— Име и презиме на самостојниот занаетчија

— Назив на занаетчиските дејности што ќе бидат предмет на работење на занаетчискиот дуќан.

— Деловно седиште на занаетчискиот дуќан, и

— Обврска занаетчискиот дуќан да почне со работа во рок од 6 месеци од издавањето на одобрението.

**Член 11**

Издавањето на одобрение за основање на занаетчиски дуќан не може да се одбие ако лицето ги исполнува условите пропишани со овој закон.

**Член 12**

Секој занаетчиски дуќан мора да биде запишан во регистарот на занаетчиски те дуќани. Регистарот на занаетчиските дуќани го води општинскиот орган на управата, надлежен за работите на занаетчиството. Со запишување во регистарот, занаетчискиот дуќан се смета за основан.

# Разгледани проблемите на занаетчиството од Битола и Прилеп

**— На советувањето присуствуваше и зеде збор во дискусијата Александар Мартиновски — секретар на секретаријатот за занаетчиство, станбено и комунално стопанисување при Стопанската комора на СРМ**

Проблемите на занаетчиството од двата соседни града, Битола и Прилеп беа предмет на дискусија на одржаното советување на Извршните одбори на Постојаните Конференции на самостојните занаетчии. На ова т.н. „пелагониско советување за занаетчиството" присуствуваа претставници на секретаријатите за финансии, инспекциските служби и други, чија работа има допирни точки со занаетчиите. На советувањето присуствуваше и секретарот на Општинската конференција на ССРНМ — Битола Мите Никовски. Уводно излагање за некои актуелни прашања од работата и животот на занаетчиите поднесе претседателот на Постојаната конференција на самостојните занаетчии од Битола Стеван Манаковски.

Откога другарот Манаковски ги информира при-



*Од советувањето*

занаетчии се готови најтесно да соработуваат со прилепските и изрази благодарност што меѓу Извршните одбори од двата града се воспоставени добри односи тој накусо ги потцрта најактуелните проблеми на битолските занаетчии. Имено, притоа рече дека во последно време голем број занаетчиски дуќани и простории се разурнати, а на нивно место не се изградени нови. Околу 800 занаетчии се заинтересирани да се здобијат со право за вршење на занаетчиска дејност, меѓутоа решенија за таква цел многу тешко се одобруваат. Би требало во иднина одговорните фактори на овој проблем да му обрнат посебно внимание. Проблемот со „дивите" занаетчии исто така беше потцртан во излагањето на претседателот. Во градот има голем број лица кои, иако се вработени вршат занаетчиска дејност, со

занаетчии што работат со фирми, плаќаат големи давачки за тоа, заработуваат и живеат од занаетот. Неуреденоста на чаршијата, нехигиената во неа исто така беше предмет за образложение во излагањето на претседателот Манаковски.

На советувањето присуствуваше и Александар Мартиновски — секретар на Секретаријатот за занаетчиство, станбено и комунално стопанство при Стопанската комора на СРМ. Тој во својата дискусија спомена дека во последно време општествената заедница вложува сериозни напори за развој на занаетчиството. Проблемите со коишто се срекаваат самостојните занаетчии низ сите градови од републиката се согледани и наскоро ќе бидат преземени мерки за нивно разрешување. Другарот Мартиновски ги поддржа иницијативите што ги вложува битолскиот Извршен одбор за поитно решавање на прашањата од нивното секојдневие.

Претставниците на Извршниот одбор на Постојаната конференција на самостојните занаетчии од Прилеп во своите искажувања мошне искрено истакнаа дека се изненадени од постигањата што ги забележуваат битолските занаетчии, здружени во својата Конференција и потцртаа дека и тие ќе се заложат за што побрзо согледување и решавање на нивните проблеми.

„JABOP" 

ЈАВОР БИТОЛА

Купувајте во продавниците на Трговското претпријатие »Ј А В О Р«

— Квалитет, асортиман реноме — »Ј А В О Р«

ЈАВОР БИТОЛА

„JABOP"

ВО БАРОТ „КОРЗО" СЕ ОДРЖА

# ВЕСЕЛА ЗАНАЕТЧИСКА ЗАБАВА

**— На забавата присуствуваа Ѓоре Михајловски, Павле Георгиевски, Јани Јовановски, Силјан Захариевски и други истакнати општествено - политички раководители**

Во развиениот занаетчиски град Битола постоела традиција најмалку еднаш годишно да се одржуваат занаетчиски свечености. На таквите прилики се разменувале мислења за состојбата во одредени занаети, се зацврстувало другарството. Меѓутоа после војната постепено таквата традиција исчезна. Голем број постари занаетчии се обидуваа да го покренат прашањето за одржување на занаетчиска забава но, не со голем успех.

Пред извесно време после цели 37 години пауза, за првпат се одржа „Занаетчиска забава". Во барот „Корзо" Постојаната Конференција на самостојните занаетчии организира весела забава на која покрај другите истакнати општествено-политички раководители присуствуваа: Секретарот на ОК СКМ Битола Ѓоре Михајловски, претседателот на Собранието на Општината Битола Павле Георгиевски, претседателот на СЗБНОВ Јани Јовановски, заменик секретарот на ОК СКМ Силјан Захариевски. На забавата присутните гости, брачни двојки и други посетители, ги поздрави претседателот Стеван Манаковски. Покрај многубројните занаетчиски досетки, проследени со музика и песни на забавата имаше и богата лотарија.



*Од забавата*

МИНАТО

# Чаршијата-вреден историски споменик

Вистинскиот поем на повеќе градови на Македонија датира некаде од XV и XVI век, од времето кога влегле во сотавот на Отоманската империја. Периодот во кој турците доминирале на Балканот оставил длабоки траги во сите сфери од животот на луѓето. Градовите го менувале својот поранешен лик, на темелите од некогашните цркви и храмови, турците граделе свои објекти. Голем дел од таа архитектура е зачуван и денес. Старите јадра на тогашните градови, чаршиите сѐ уште постојат низ Македонија. Битолската, спаѓа во редот на најпознатите. За неа постои голем интерес не само во земјата, туку и во странство.

Градот Битола под ова име за прв пат се споменува во 1014 год. за време на владеењето на цар Самоил. Тогаш во градот била столицата на епископијата. Битола била позната како богат трговски ценатр во Пелагонија. Градот бил заземен од турците кон крајот на XIV век. За време на турското владеење играл важна стратегиска улога на Балканот. Во XVП век градот броел 3 илјади куќи, 900 дуќани, 40 кафе-чајџилници, имал безистен со железни порти.

Со слабеење на турската држава, Битола почнала да опаѓа. Во еден период броела само 15 илјади жители, а нешто подоцна кон крајот на турското владеење таа имала 55 илјади жители. Од тој период, тоа минато, останала и чаршијата. Денес втора по големина во Македонија, успешно се вклопува во урбано-туристичките потреби на градот.

Бидејќи Битола била развиен туристички центар бројот на трговските дуќани бил поголем од занаетчиските. Поголемиот број на дуќаните кои се зачувани до денес со својата архитектура и конструкција зборуваат дека нивната изградба датира од почетокот на XX век. Во нив се чувствува и големо влијание на западните струења. Тоа зборува за јаките врски на градот со остантите трговски центри, ните на битолската чаршија а пред сѐ со Солун. Дуќаизградени од тврд материјал, камен и тули, имаат железни ќепенци кои ја покриваат целата фасада на дуќанот, до приземјето. Тоа било потребно да се прави бидејќи дуќаните често пати биле пљачкосувани.

Во последно време се настојува чаршијата да си го добие некогашниот свој белег, во неа да се создаде по голем простор за занаетчиството. Интенциите на општествена заедница се насочени чаршијата не само да биде „мртов" споменик, туку во неа да се одвива еден богат занаетчиски живот, во кој постојано ќе се среќаваат домашни и странски туристи.



*Вињетка и карикатура*
*Панде ПЕТРОВ*



*Мајсторе, побрзај детето ми е за капење.*

Издава: Постојана општинска конференција на самостојните занаетчии Редакциски одбор: Стеван Манаковски, Благој Наумовски, Димче Папакоч и Димитар Павловски. Главен и одговорен уредник ПЕТАР СТАВРЕВ, Улица „Фуштани" бр. 16. Тел.: 23—798 Печати: БГЗ - ООЗТ „К. Дандаро" — Битола